ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ

# Апстракт од конечен извештај од внатрешна ревизија за 2023 година

**Реализација на Годишен план за внатрешна ревизија***

**Вид на извршени ревизии:**
- ✓Системски ревизии
- ✓Финансиски ревизии

## Предмет на ревизиите:

✓ Ревизија на финансиските извештаи во ЈОУДГ Весело Штркче-Кривогаштани

1. Процес на сметководствениот систем преку разгледување на следните активности:
   - Анализа на деловните трансакции врз основа на веродостојни документи,
   - Евидентирање на трансакциите во дневникот,
   - Евидентирање во главната книга и изготвување на бруто биланс,
   - Спроведување на заклучни книжења и изготвување на заклучен бруто биланс, и
   - Подготвување на финансиски извештаи
2. Процес на јавни набавки од планирање на јавните набавки, изготвување на годишен план за јавни набавки, реализација на договорите и плаќање на преземените обврски со реализацијата на јавните набавки.

## Цели на ревизиите:

Да се добие разумно уверување дека:

- ✓ финансиското работење е согласно законската регулатива,
- ✓ финансиските извештаи се ослободени од математички грешки и се реална слика на состојбата на градинката,
- ✓ функционира системот на внатрешна контрола и средствата се користат ефикасно и ефективно.

ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ

## Клучни утврдени состојби :

- ✓ Деловните трансакции се евидентирани врз основа на веродостојни документи и одобрени од одговорното лице
- ✓ Не се пронајдени неправилности во записите во главната книга
- ✓ Евидентирањето на трансакциите во главната книга е точно и навремено
- ✓ Заклучните книжења во финансиското сметководство навремено се спроведени, со салда пренесени за следната година
- ✓ Податоците прикажани во финансиските извештаи се точни и вистинити
- ✓ Годишниот план за јавни набавки за 2022 година е навремено подготвен и објавен на веб страната на Бирото за јавни набавки
- ✓ Воспоставена контрола на следење на извршувањето на договорот за јавна набавка согласно условите во договорот
- ✓ Воспоставена интерна евиденција за следење на јавните набавки под вредносниот праг за примена на законот за јавни набавки
- ✓ Навремено објавена квартална евиденција на јавните набавки под вредносниот праг на веб страната на Бирото за јавни набавки

## Препораки за намалување на ризиците и зголемување на ефективноста на внатрешната контрола :

- ✓ Да се продолжи со добрата практика на уредно евидентирање на деловните трансакции во сметководствениот систем
- ✓ Да се продлжи со добрата практика на навремено подготвување на годишниот план за јавна нababака
- ✓ Да се продолжи со добрата практика за навремено следење на реализацијата на склучените договори за јавни набавки
- ✓ Да се продолжи со воспоставената практика на ефективен систем на внатрешни контроли, со цел да се задржат тековните стандарди на сигурност, усогласеност и навремена идентификација на потенцијални ризици.

* Целосна реализација | Делумна реализација | Ниска реализација